До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање на мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно член 44 став (5) од истиот Закон е предвидена следната забрана за вршење на дополнителни дејности кај избраните и именуваните лица:
„(5) Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице со доминантен државен капитал **не може** да врши функција на член на управен одбор **или на друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит.“**

Согласно член 3 став (1) точка 34 од Законот за трговските друштва:
„34) „Орган на управување" е органот во акционерското друштво кому му е доверено управувањето на друштвото како на одбор на директори во едностепениот систем на управување, на управен одбор или на управител во двостепениот систем на управување, односно на управител, односно управители или органот во којшто тие се организирани во командитно друштво, во командитно друштво со акции и во друштво со ограничена одговорност.“

**Државната комисија извести дека согласно цитираната забрана од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, лицето не може во исто**

**време да врши функција на член на Совет, именувано од страна на Владата на РСМ и неизвршен член на Одборот на директори на АД,**

Воедно, доколку горенаведените функции се извршуваат во исто време настанува прекршување на забраните предвидени со член 44 став (5) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција."

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**